Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во согласност со член 7 од Деловникот на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес бр.25-2932/3 од 22.05.2025 година,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден _.09.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член на Одборот за подигање
на спомен обележја во Општина Велес

1. Со ова решение се разрешува член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес:

- Цветанчо Тодоровски,од редот на историчарите.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес, на 09-та седница одржана на ден 12.03.2026 година донесе Решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес со бр. 09-1413/52 од 12.03.2026 година, со кое се именува - Цветанчо Тодоровски, за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, од редот на историчари.

Согласно член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21): (2)„Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје именува Одбор за подигање на спомен-обележје" и (3) „Одредбите на членовите од 10 до 16 на овој закон соодветно се применуваат и на спомен–обележјата".

На ден 26.08.2026 година, од страна на именуваниот член Цветанчо Тодоровски, доставено е Барање со бр.09-3642/1 за разрешување на член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, поради лични причини.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 26-08-2026
Орг. ед. | Број
09-3642/1 1

До

Совет на Општина Велес

БАРАЊЕ

Предмет: Оставка од член во Одбор за подигање на спомен обележја

Врска: Решение за именување бр. 09-1413/52 од 12.03.2026

Почитувани,

Со решение бр.09-1413/52 од 12.03.2026 г. именуван сум за член на „ Одбор за подигање на спомен обележја во Општина Велес“,

Ве известувам дека од **лични причини** не сум во можност да присуствувам редовно на состаноците на Одборот.

Ја поднесувам оваа оставка и барам од надлежниот орган да ми достави формално решение за престанок на член на „Одбор за за подигање на спомен обележја во Општина Велес.

Велес , 26.8.2026

Цветанчо Тодоровски